57563



МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# Колекцијата збогатена со 92 нови дела

Вкупно 92 уметнички дела биле донирани на Музејот на современата уметност во Скопје во текот на изминатата година. Свои дела донирале 31 уметник од земјава и од странство. Меѓу донаторите е Таки М. Павловски, кој пред два месеца во МСУ ја отвори самостојната изложба под наслов „Ретро II/ Дијаграми". Благодарен за организацијата и за успешната соработка, тој на Музејот му подари три инсталации: „Празна маса", „Позајмен монолог (Хамлет)" и „Сто години раселени". Сите дела се изработени од повеќе реди-мејд предмети, во минатата година. Меѓу донаторите се вброи и уметникот Милета Продановиќ, од Србија и Црна Гора. Од изложбата „Брандополис", што деновиве заврши во МСУ, тој подари три дела - дигитални отпечатоци: „Just do it", „I'm loving it" и „Connecting people".

По едно дело подарија и Вере Пирхи Колер од Израел (сликата „Жена од Кипар") и Оскар Колер, кој во колекцијата на МСУ остави цртеж.

Познатиот скулптор Петар Хаџи Бошков ја подари инсталацијата скулптури „Улица", составена од 48 елементи, создадена пред две години.

Уметникот Ацо Филиповски донирал 10 графики, работени во техниката линорез, познатиот историчар на уметноста и фотограф Едвард Луси Смит подарил 40 фотопринтови, а руският уметник Григориј Потоцки - парковската скулптура „Реквием". Десетмина уметници од Јапонија подарија по една слика, претставена на изложбата „Ветар на миротѓ".

Во колекцијата на МСУ се вброија и двете видеа „Видеоаутопсија" и „Ослободување II" од Венко Цветков, создадени во 1985 година и три видеа од Петре Николоски, со кои Македонија пред 13 години се претстави на Венецискиот биенале за уметност. Драган Абјаниќ подари четири видеа: „Ensuite", „Процесија", „Чигра" и видеото „Ана", што го изработил со Иван Чунихин. Жанета Вангели ги подари видеата „Искушението на Свети Антониј", од 1993 година и „Документарен филм за Владимир Антонов" од 1995 година, а Денис Сарагиновски - видеото „Restrained in Continiuty" (1998 г.) и „Realite Mecedonienne", што го изработи со Слободанка Стевчевска. Меѓу донаторите се Лилјана Климова, со видеото „The Duel of L.K." и Стефан Севран, со видеосеријата „Филмови во стан". Дејвид Рид ги подари видеата „Опкружувачкото и очигледното", Јован Балов видеото „Влегување" и „Empor", што го изработи со Новица Трајковски. Во колекцијата влегоа и делата „Fresh Azan"" од Шарам Ентекаби и двете видеа-инсталации „Филмски маратон" од Сашо Станојковиќ.

МСУ во минатата година откупи едно дело - сликата „Енигма" од нашиот уметник Решат Ахмети.

(В.И.)



Дело од изложбата „Брандополис" на Милета Продановиќ што ја збогати колекцијата на МСУ